Еден човек го прашал Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, додека тој бил на минберот: „Што мислиш за ноќниот намаз?“ Тој одговорил: „Два по два (реката)

Абдулах бин Омер, Аллах нека е задоволен со него и неговиот татко, раскажува: Еден човек го прашал Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, додека тој бил на минберот: „Што мислиш за ноќниот намаз?“ Тој одговорил: „Два по два (реката). А кога ќе се уплаши од настапувањето на сабахот, нека клања еден рекат – кој ќе му биде витр (непарен) на она што го има клањано.“ И навистина, тој, салаллаху алејхи ве селем, знаел да каже: „Витрот нека биде последен од вашиот намаз во текот на ноќта,“ – Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, го наредил тоа.

[متفق عليه] [صحيح]

Еден човек го прашал Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, додека тој држел хутба на минберот: „О, Божји пратенику, научи ме како да го клањам ноќниот намаз.“ Тој, салаллаху алејхи ве селем, одговорил: „Клањај по два реката и предавај селам по секои два. А кога ќе се уплашиш дека ќе настапи сабахот, клањај еден рекат – кој ќе биде витр на она што си го клањал.“ И навистина, тој, салаллаху алејхи ве селем, препорачувал витрот да биде последниот намаз во текот на ноќта.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/11259